**633.**

Врз основа на член 8 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 03.04.2007, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 2007 ГОДИНА

I

Средствата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година во износ од 844.626.000,00 денари, обезбедени согласно раздел 14001, програма 3, подпрограма 30, категорија 46, ставка 464 и средствата во износ од 23.068.000,00 денари обезбедени согласно раздел 14001 програма 6 подпрограма 60 категорија 48 ставка 482 од Буџетот на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 139/06), ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за развој на растителното производство кај одделни видови земјоделски култури | 403.700.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за развој на сточарското производство | 388.100.000,00 |
| 3. | Финансиска поддршка за алтернативни нетрадиционални и недоволно застапени производи | 8.680.000,00 |
| 4. | Поддршка на пазарно ориентирани организации на производители | 2.500.000,00 |
| 5. | Стандарди за квалитет и безбедост на храна | 10.000.000,00 |
| 6. | Поддршка на рурално население во специфични подрачја | 15.000.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за развој на водостопанството | 23.068.000,00 |
| 8. | Општи мерки | 14.646.000,00 |
| 9. | За довршување на започнати мерки и неподмирени обврски во 2006 година и за недоволно предвидени средства за поединечни мерки | 2.000.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **867.694.000,00** |